КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 68 од Законот за извршување ( "Службен весник на Република Македонија" бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10,171/10 и 148/2011), в.в со член 19 од Правилникот за работа на Стручниот совет на КИРМ, Управниот одбор на Комората на извршители на Република Македонија, по повод утврдените предлог-мислења на седница на Стручен совет на КИРМ од 28.04.2014 година, на сто и втората седница одржана на ден 16.05.2014 година, го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 1086-1
19.05 2014 год.
СКОПЈЕ

**ПРАВНО МИСЛЕЊЕ**

Доколку судот односно органот која ја донел извршната исправа, ја укине со решение само неоснованата потврда на правосилност и извршност на извршната исправа, а при тоа не е укината самата извршна исправа, во тој случај странките немаат правен основ заснован на оваа околност да бараат противизвршување .
Во поглед на потврдата за извршност на нотарските акти се применува член 12 став 2 и став 3 и чл.16 од Законот за извршување.

Во случаите кога Извршителот ќе прими акт со кој е укината клаузулата на правосилност и извршност треба да донесе Заклучок за запирање на извршувањето и Заклучок за трошоци со кој ќе го задолжи доверителот да ги плати трошоците на извршувањето.

Доколку клаузулите на правосилност и извршност бидат повторно ставени на исправата, доверителот ќе треба да поднесе ново барање за извршување со кое ќе има основ од должникот да ги побарува и претходно направените трошоци на извршување врз основа на Заклучокот со кој е задолжен доверителот да ги плати трошоците на извршувањето.

Претседател на Управен одбор
на Комора на извршители,
Гордан Станковиќ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Бул. „Илинден" бр. 60/2-2 Скопје
Тел: 02 3225 674 Факс: 02 3239 877
e-mail: izvrsitelinarm@yahoo.com